# Вашата жалба до ЕСПЧ



EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# Вашата жалба до ЕСЧП:

## Како да поднесете жалба и како ќе биде постапувано по Вашата жалба

Овој документ е изготвен од страна на Одделот за односи со јавноста при Судот. Документот не го обврзува Судот. Неговата намена е да даде основни општи информации за начинот на работа на Судот.

За подетални информации, Ве упатуваме на документите што ги подготви Секретаријатот на Судот (достапни на интернет страницата на Судот: www.echr.coe.int), а пред сè, на Деловникот на Судот.

**Најголемиот дел од жалбите поднесени до Судот се прогласени за недопуштени, што значи дека Судот ги отфрла без воопшто да ја разгледува основаноста на предметот зашто жалбата не ги исполнува сите критериуми на допуштеност. Одлуките со кои жалбите се прогласуваат за недопуштени се конечни и не може да бидат обжалени.**

**Значи, доколку не сакате Судот да ја отфрли Вашата жалба, важно е жалбата да ги исполнува сите критериуми на допуштеност. Пред да ја поднесете жалбата, Ве молиме да ја консултирате интернет страницата на Судот, и пред сè, Водичот за критериумите на допуштеност.**

## ВИЕ САКАТЕ ДА ПОДНЕСЕТЕ ЖАЛБА ДО СУДОТ

Образецот за поднесување жалба е достапен на Интернет страницата на Судот. Симнете го, пополнете го секој дел од образецот, без исклучок, и испратете го до Судот заедно со копии од сите релевантни документи – не испраќајте оригинали зашто документите нема да Ви бидат вратени по завршувањето на постапката. Не му се обраќајте на Судот со барање да Ви достави печатена верзија од образецот. Доколку сами го испечатите образецот, ќе заштедите време и ќе овозможите Вашата жалба навреме да стигне до Судот (консултирајте ги Практичните упатства за поведување постапка пред Судот и Упатството за пополнување на образецот, достапни на интернет страницата на Судот).

**Доколку Вашата жалба е нецелосна постои ризик Судот да не ја разгледа, затоа е од суштинско значење внимателно да го пополните секој дел од образецот.** Доколку само еден дел од образецот не е пополнет, или доколку недостасува некоја информација, или доколку не сте доставиле копии од потребните документи, Судот може да одбие да ја регистрира Вашата жалба без да ја разгледа.

Вашата жалба до Судот може да ја поднесете на еден од двата службени јазици на Судот – француски или англиски – или на некој од службените јазици на државите – членки на Советот на Европа.

Не сте обврзани да именувате адвокат на почетокот од постапката. Сепак, доколку одлучите да користите услуги на адвокат, мора да испратите до Судот уредно потпишано полномошно со кое го овластувате адвокатот да Ве застапува во постапката пред Судот.

Откако ќе ги пополните сите делови од образецот, испратете го на следната адреса заедно со копии од сите релевантни документи:

**The Registrar**
**European Court of Human Rights**
**Council of Europe**
**67075 Strasbourg cedex**
**France**

Пожелно е Вашата жалба да ја испратите како препорачана пратка. Мора да ја испратите жалбата во рокот одреден во Конвенцијата. Датумот што Судот го зема предвид е датумот наведен на поштенскиот печат на пратката со која сте ја испратиле Вашата жалба. **Ве молиме имајте предвид дека жалбите до Судот може да се испраќаат само по пошта.**

Во секој случај, Ви препорачуваме да ја испратите Вашата жалба што е можно поскоро по завршувањето на постапката пред домашните судови.

## ВИЕ ВЕЌЕ СТЕ ЈА ИСПРАТИЛЕ ВАШАТА ЖАЛБА ДО СУДОТ

Вашата жалба ќе пристигне во Централното одделение на Судот кое добива околу 1,500 дописи дневно. Со оглед на тоа што добива толкав број дописи, Судот не е во можност веднаш да Ви испрати потврда за прием на Вашата жалба.

**Не се јавувајте по телефон за да проверите дали Вашата жалба уредно пристигнала до Судот. Судот ќе стапи во контакт со Вас доколку му се потребни дополнителни информации.**

Централното одделение ја распоредува пристигнатата пошта и ја испраќа Вашата жалба до правното одделение кое има за задача да ја разгледа жалбата, поточно, правното одделение кое е одговорно за државата против која ја поднесувате жалбата. На пример, жалба против Германија ќе биде испратена до правното одделение кое работи на германските предмети бидејќи вработените во тоа одделение зборуваат германски јазик и го познаваат правниот систем на таа држава.

На вашиот предмет потоа ќе му биде даден број и правник ќе го земе во работа. Ова не значи дека Судот сигурно ќе ја прифати Вашата жалба, тоа само значи дека жалбата е регистрирана. **Доколку Судот Ве контактира, мора да одговорите во предвидениот рок зашто, во спротивно, Вашиот предмет може едноставно да биде отфрлен или уништен.**

Кога Судот ќе располага со сите информации што му се потребни за разгледување на Вашиот предмет, Вашата жалба ќе му биде доделена на некое од судските тела.

**Во текот на целата постапка, дури иако се чини дека трае долго, мора да чекате Судот да Ве контактира.** Поради големиот број жалби што ги добива секоја година (повеќе од 50,000) и уште поголемиот број на предмети што чекаат на одлука, Судот не може да го потврдува приемот на пристигнатите дописи или документи, ниту да Ве информира кога приближно ќе го разгледа Вашиот предмет.

Постапката пред Судот се одвива писмено. Секоја информација што сакате да ја доставите до Судот мора да биде доставена во писмена форма.

# РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ВАШАТА ЖАЛБА

## 1. СУДСКИ ТЕЛА

Кога Судот ќе располага со сите информации што му се потребни за разгледување на Вашиот предмет, Вашата жалба ќе му биде доделена на некое од судските тела, во зависност од типот на предметот: судија – поединец, Комитет или Судски совет.

- Ако е очигледно дека Вашата жалба е недопуштена зашто не ги задоволува сите пропишани критериуми на допуштеност, ќе биде разгледана од **судија – поединец**. Одлуката за недопуштеност донесена од судија – поединец е конечна и Вие ќе бидете информирани за одлуката. **Не може да поднесете жалба против одлуката за недопуштеност или да барате повеќе информации за одлуката. Судот ќе го затвори предметот и подоцна досието ќе биде уништено.**
- Доколку Вашиот предмет се смета за репетитивен предмет, поточно предмет што се однесува на жалбени наводи во однос на кои Судот има востановена пракса, предметот ќе му биде доделен на **Комитет во состав од тројца судии. Повторно Ве потсетуваме дека Судот ќе Ве контактира, ако и кога тоа е потребно.**
- Доколку биде оценето дека Вашиот предмет не се однесува на жалбени наводи во однос на кои постои востановена пракса на Судот, предметот ќе биде рагледан од **Судски совет составен од 7 судии**. Судскиот совет сеуште може да го прогласи Вашиот предмет за недопуштен, и доколку го направи тоа, таквата одлука е конечна. Но, доколку Советот го прогласи предметот за допуштен, ќе ја разгледа и основаноста на Вашите жалбени наводи. Меѓутоа, пред да го направи тоа, Судот прво ќе ја комуницира жалбата до владата на тужената држава за да ја информира за изнесените жалбени наводи и да ѝ даде можност да достави опсервации во однос на суштината на предметот. Тие опсервации потоа ќе Ви бидат испратени за да имате можност да одговорите на истите. Иако во почетокот на постапката не мора да бидете застапувани од адвокат, во оваа фаза од постапката, Судот ќе побара од Вас да именувате адвокат. **Повторно Ве потсетуваме дека Судот ќе Ве контактира.**
- За Ваша информација, жалба никогаш не се испраќа директно пред **Големиот судски совет од 17 судии**, но Судскиот совет може да му отстапи предмет на Големиот судски совет или предмет може да биде упатен до Големиот судски совет во понапредната фаза од постапката. Отстапувањето на предмет на Големиот судски совет е можно тогаш кога во предметот ќе се појави некое битно прашање кое влијае на толкувањето на Конвенцијата или кога постои опасност да се направи отстапка од поранешна одлука на Судот. Исто така, предмет може да биде поднесен до Големиот судски совет на барање од некоја од страните во постапката, во рок од три месеци од донесувањето на пресуда на Судски совет. Сепак, Судот ги прифаќа таквите барања само во исклучителни случаи.

## 2. КОЛКУ ДОЛГО ТРАЕ ПОСТАПКАТА?

Не може да се каже колку време, во просек, му треба на Судот за да разгледа една жалба. Тоа зависи од типот на предметот, од судското тело, од тоа колку бргу страните ќе му ги достават на Судот информациите што му се потребни, како и од многу други фактори. **Судот ги разгледува жалбите по одреден редослед, земајќи ги в предвид важноста и итноста на прашањата на кои се однесуваат.** Тоа, на пример, значи дека на најважните предмети или на предметите кои укажуваат на постоење проблеми со широки размери ќе им биде даден приоритет при одлучувањето, што објаснува зошто може да се случи Судот веќе да одлучува по жалба која е поднесена по Вашата жалба, иако Вашата жалба сеуште не е решена.

## 3. ЈАВНИ РАСПРАВИ

Судот одржува јавни расправи во многу мал број предмети на Судскиот совет или Големиот судски совет (околу 30 годишно). Ако Судот одлучи да одржи јавна расправа во Вашиот предмет, ќе бидете информирани за тоа. Сите јавни расправи се снимаат и може да се проследат на Интернет страницата на Судот.

## КРАЈ НА ПОСТАПКАТА

Судот може да затвори предмет на различни начини.

## 1. ЖАЛБАТА Е ОТФРЛЕНА

### ➡ ДОСИЕТО Е УНИШТЕНО

Ако на почетокот од постапката, Судот Ви се обрати со некое барање и Вие воопшто не одговорите или не одговорите во предвидениот рок, Судот може да заклучи дека не сакате да ја продолжите постапката, и да одлучи да го затвори предметот. Вашето досие ќе биде уништено и Вие немате право да поднесете жалба против таквата одлука.

### ➡ ПРЕДМЕТОТ Е ИЗБРИШАН ОД ЛИСТАТА НА ПРЕДМЕТИ НА СУДОТ

Во понапредните фази од постапката, откако Вашата жалба му била доделена на некое судско тело, Судот може да ја избрише жалбата од листата на предмети доколку не сте одговориле на неговите барања во предвидениот рок; врз основа на тоа Судот може да изведе заклучок дека не сакате да ја продолжите постапката. Судот исто така може да избрише жалба од листата на предмети врз основа на пријателско спогодување или унилатерална декларација.

**Значи, од клучно значење е да одговорите на барањата на Судот без непотребно одолговлекување. Со тоа ќе покажете дека сте заинтересирани Вашата жалба да биде разгледана и ќе го спречите Судот да ја иабрише жалбата од листата на предмети или да го затвори предметот.**

### ➡ ПРЕДМЕТОТ Е ПРОГЛАСЕН ЗА НЕДОПУШТЕН

Доколку не сте исполниле некој од критериумите на допуштеност, Судот ќе ја прогласи Вашата жалба за недопуштена и таквата одлука е конечна.

## 2. ДОНЕСУВАЊЕ ПРЕСУДА

Доколку Вашата жалба не била прогласена за недопуштена, откако ќе ја рагледа, Судот може да заклучи дека не биле прекршени одредбите на Конвенцијата, или, напротив, дека Вашите права биле прекршени. Доколку утврди повреда, Судот може да досуди надомест. Имајте предвид дека во никој случај Судот нема да ја поништи одлуката на домашниот суд.

Ако пресудата е донесена од Комитет од тројца судии, таа пресуда е конечна и не може да биде обжалена. Пресудите на Судскиот совет стануваат правосилни три месеци по нивното објавување. Во текот на тие три месеци, Вие или тужената Влада може да побарате предметот да биде упатен до Големиот судски совет на повторно разгледување. Не заборавајте дека Судот ги прифаќа таквите барања во исклучителни случаи. Пресудите на Големиот судски совет се конечни и не може да бидат обжалени.

Кога пресудата со која е утврдена повреда ќе стане правосилна, Судот го предава предметот на Комитетот на Министри при Советот на Европа кој е одговорен да го надгледува извршувањто на пресудите на Судот. Со тоа постапката пред Судот е завршена.

**Да заклучиме, кога поднесувате жалба до Судот, важно е да ги исполните критериумите на допуштеност. Доколку не го направите тоа, Судот ќе мора да ја отфрли Вашата жалба без да ги разгледа Вашите жалбени наводи.**

**Покрај тоа, кога Судот ќе прогласи некоја жалба за недопуштена, таквата одлука е конечна и нема да имате право на повторување на постапката, ниту да поднесете нова жалба во однос на истите жалбени наводи.**

# КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ

## Анонимност

Документите во врска со постапките пред Судот се достапни за јавноста. Доколку сакате да останете анонимни, мора да го нагласите тоа при пополнувањето на образецот за поднесување жалба, и да објасните зошто не сакате да биде откриен Вашиот идентитет.

## Пријателско спогодување

Доколку Судот оцени дека Вашата жалба е допуштена, ќе се потруди да овозможи договор – пријателско спогодување-помеѓу Вас и владата на тужената држава. Доколку не може да се постигне пријателско спогодување, Судот ќе ги разгледа Вашите жалбени наводи и ќе донесе пресуда.

## Унилатерална декларација

Ако го одбиете предлогот за пријателско спогодување без објаснување, Судот може да ја избрише Вашата жалба од листата на предмети врз основа на декларација во која Владата признала дека ги прекршила одредбите на Конвенцијата и се обврзала соодветно да Ве обештети.

## Времени мерки

Може да побарате времена мерка, но само доколку сте во непосредна опасност или доколку постои сериозна закана за Вашето здравје – на пример, доколку треба да бидете протерани во држава во која постои ризик да бидете изложени на мачење.

# ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

## Доколку се обратам до Судот, дали тоа значи дека не мора да ја почитувам конечната пресуда на домашните судови?

Не, со поднесувањето жалба до Судот не се суспендира домашната постапка. Мора да ги почитувате правосилните одлуки на домашните судови иако сте поднеле жалба до Судот во Стразбур.

## Дали Судот може да ми помогне да најдам адвокат?

Не, Судот не може да Ви помогне да најдете адвокат. Стапете во контакт со локалната адвокатска комора и побарајте да Ви достават листа на нивните членови.

## Дали Судот може да ми помогне да го пополнам образецот за поднесување жалба?

Не, Судот не е надлежен да Ви помогне во врска со образецот за поднесување жалба. Судот мора да остане неутрален во сите постапки што се водат пред него. Судот единствено може да Ве упати на пакетот документи за поднесување жалба до Судот. Пакетот документи може да го најдете на Интернет страницата на Судот и ги содржи сите документи и информации што Ви се потребни за да поднесете жалба.

## Дали постои систем на правна помош?

Да. Сепак не може да побарате правна помош уште на почетокот од постапката, туку само откако предметот бил комуницирн до Владата на тужената држава. Треба да знаете дека правна помош не им се доделува автоматски на сите жалители кои ќе побараат правна помош.

## Доколку лично дојдам во Судот, дали ќе можам непосредно да го објаснам мојот предмет и да направам нешто за да се забрза неговото решавање?

Апсолутно не. Постапката пред Судот се одвива по писмен пат и нема никаква полза од тоа лично да доаѓате на Судот. Тоа би било само залудно губење време.

## Дали судот може да ми даде правен совет?

Судот не е надлежен да Ви дава правни совети во врска со формалностите или чекорите што би требало да ги преземете пред домашните судови. Постапката пред Судот во Стразбур е детално објаснета во информативните документи што се достапни на Интернет страницата на Судот. Судот не може да Ви каже колкави се шансите Вашиот предмет да има успешен исход. Треба само да почекате Судот да донесе одлука или да објави пресуда.

## Дали судот има можност да преземе нешто во државата против која ја поднесувам жалбата?

Не. Судот не презема ништо во Ваше име во однос на државните органи против кои ја поднесувате жалбата. Сепак, во исклучителни случаи, Судот може да побара од домашните власти да преземат одредени мерки, или да се воздржат од некои дејства додека Судот не го разгледа предметот (ова се однесува пред сѐ на предмети кога на жалителот му се заканува тешка физичка повреда).

## Дали судот веќе имал предмети како мојот предмет?

Пресудите на Судот се објавени на Интернет страницата на Судот. Може да пребарувате низ постоечките пресуди за да дознаете дали Судот веќе разгледувал предмети слични на Вашиот предмет.

## Доколку мојата жалба е прогласена за недопуштена дали можам да ја обжалам таа одлука?

Одлуките за недопуштеност се конечни и не може да бидат обжалени. Ова покажува колку е битно жалителите да бидат сигурни дека ги исполнуваат сите критериуми на допуштеност пред да поднесат жалба до Судот.

## Како можам да добијам информации за мојот предмет?

Судот нема можност да одговори на сите барања за информации од жалителите за тоа во која фаза од постапката се наоѓа нивниот предмет пред Судот. Со оглед на тоа што постапката се одвива по писмен пат, Судот ќе Ви упати допис доколку му се потребни дополнителни информации од Вас; Судот исто како ќе Ви упати допис и во различните фази од постапката. Информации може да се најдат и на интернет страницата на Судот (во врска со предметите комуницирани до Владата, прашањата што биле упатени до странките во постапката, одлуките за допуштеност итн.)

# Вашата жалба до ЕСЧП:

## Како да поднесете жалба и како ќе биде постапувано по Вашата жалба

European Court of Human Rights
Council of Europe
67075 Strasbourg cedex
France

www.echr.coe.int

Design: © ECHR - Photo: © Shutterstock

MKD